Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

БИЗНИС ИНФО

101 година

Број 546 www.mchamber.mk 20.10.2023

# ЕУ интеграции – еколошки стандарди за животната средина во компаниите- услов за влез, препознатливост и конкурентност на Европскиот пазар




## Работна средба на Советот за странски инвеститори со вицепремиерот Битиќи

## Азески на средба со главни уредници и управители на телевизии

24.10.2023, Online Бизнис средби “Energy Business Meetings at OMC 2023”-Деловни средби за енергетика Равена, Италија

25.10.2023, Семинар Напредни Ексел функции за анализа на податоците-- Правила, логички функции, IF, AND & OR функции, LOOKUP и консолидација -

26.10.2023, Семинар УПРАВУВАЊЕ СО ЛОГИСТКА, ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ

27.10.2023, Семинар УПРАВУВАЊЕ СО ЗАМИНУВАЊА И ОТСУСТВА НА ВРАБОТЕНИТЕ (FLUCTUATION & ABSENCE MANAGEMENT)

30.10.2023, Семинар ПОПИС НА ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ, ПРИЗНАВАЊЕ И МЕРЕЊЕ

30.10.2023, Семинар ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ОБВРСКИ НА РАБОТОДАВАЧИТЕ И НАЧИН НА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ОДНОС НА ИСПЛАЌАЊЕТО НА ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА ПОРАДИ БОЛЕДУВАЊЕ , БРЕМЕНОСТ, РАЃАЊЕ И РОДИТЕЛСТВО, ПАУЗИ И ОДМОРИ И ДРУГИ СПЕЦИФИЧНИ ТРОШОЦИ: ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА,

31.10.2023, Семинар

ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЗАКОНСКИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ИЗГРАДБАТА НА ФОТОНАПОНСКИ ЕЛЕКТРАНИ

31.10.2023, Семинар ПРИМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВРЗ ОСНОВА НА АНАЛИЗА НА РИЗИК

ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia



# Работна средба на Советот за странски инвеститори со вицепремиерот Битиќи



Компаниите членки на Советот на странски инвеститори, предводени од претседателот Виктор Мизо, во просториите на компанијата „Амфенол“, во Кочани, одржаа работен состанок со ЗПВРСМ задолжен за економски прашања, координација со економски ресори и инвестиции Фатмир Битиќи придружуван од претставници на надлежни тела и институции. На состанокот беа присутни претставници на повеќе од 30 странски компании членови на Советот при Стопанската комора на Северна Македонија, кои се директно засегнати од актуелните економски прашања и владините политики. Предмет на дискусија на состанокот беше брифинг од страна на Владата во однос на барањата и препораките разгледувани на претходниот состанок од јуни годинава.

На средбата беше изразена реакција од странските компании поради пролонгирањето и побараа поголема ажурност од надлежните ресори по предложените решенија, а кои се однесуваат генерално на подобрување на бизнис климата во државата. Исто така, се дискутираше и за актуелните економски состојби во државата како и неодамна донесениот Закон за данок на солидареност за кој Стопанаската комора веќе покрена иницијатива за оценување на неговата уставност.

Зборувајќи за унифицираноста на политиките за финансиска поддршка на нови инвестиции, вицепремиерот Битиќи пред претставниците на странските инвеститори најави нивно дополнително зацврстување преку измени на Законот за финансиска поддршка на инвестициите во насока на гарантирање на целосна исплата на државната помош.

Претседателот на Советот на странски инвеститори и генерален директор на КОСТАЛ Македонија, Виктор Мизо ја нагласи важноста на Советот да биде активно вклучен во креирањето и следењето на економските политики во државата, што ќе придонесе до предлагање и воведување на нови креативни политики, и соодветно, навремено и оптимално планирање на деловните одлуки на странските инвеститори во земјата.

На состанокот повторно беа потенцирани барањата на странските компании за конзистентно постапување од страна на институциите заради унапредување на деловната клима и олеснување на работењето преку прашањата поврзани со даночната регулатива, намалување на трошоците и подобрување на инфраструктурата во ТИР зоните, усогласување на царинските стапки со оние во ЕУ за дополнителни тарифни броеви на увоз, олеснување на постапката за ангажирање на странски работници, финансиската поддршка на инвестициите од страна на државата и можноста за допрецизирање на определени законски и подзаконски решенија во оваа област, превод на меѓународните стандарди за сметководство и финансиско известување и др. Очекувањата на компаниите се дека дел од овие прашања ќе бидат решени до оддржувањето на следниот состанок кој беше договорен со вицепремиерот.

На состанокот се одлучи да се формира заедничка работна група за подготовка и усогласување на законските решенија за технолошките индустриски развојни зони и за индистриските - зелени зони.

Целосното и брзо постапување по овие барања ќе допринесат за подобрување на условите за водење бизнис во државата, со што би придонеле за подобро работење на постојните странски и домашни инвеститори, реинвестиции од нивна страна, но и за привлекување на нови инвеститори. Натамошното одложување ќе значи индиректно намалување на конкурентноста, стагнација и негативени ефекти по растот на економијата.





# ЕУ интеграции – еколошки стандарди за животната средина во компаниите- услов за влез, препознатливост и конкурентност на Европскиот пазар




Во фокусот на ЕУ политиките за животна средина е Европскиот зелен договор кој има за цел воведување на климатски неутрална економија на територијата на ЕУ до 2050 година, преку развивање на чисти извори на енергија и зелени технологии, притоа почитувајќи ги принципите на оддржлив развој, истакна Јадранка Аризанковска советник за ЕУ интеграции во кабинетот на претседателот на СКСМ на денешната прес-конференција „ЕУ интеграции – еколошки стандарди за животната средина во компаниите- услов за влез, препознатливост и конкурентност на Европскиот пазар“, трета по ред што Комората ги организира во рамки на циглусот ЕУ интеграции.

„За остварување на амбициозните политички заложби на ЕУ, подготвена е предлог Регулатива за климатска неутралност и акциски план за остварување на целите, користејќи соодветен финансиски механизам за Праведна транзиција. Во акцискиот план на ЕУ вклучена е и Зелената агенда за Западен Балкан, која ќе се развива и промовира во наредниот преиод во сите земји од регионот, а со тоа ќе биде неминовно прилагодувањето на националните политики со политиките и динамиката на ЕУ во оваа област“, нагласи Аризанковска.

**Кластер 4. ЗЕЛЕНА АГЕНДА И ОДРЖЛИВА ПОВРЗАНОСТ**

14 – Транспортна политика

15 – Енергија

21 – Трансевропски мрежи

27 – Животна средина и климатски промени

Поглавје 27 се однесува на Животна средина и климатски промени е збир на политики кои се насочени кон заштита на животната средина од разни антропогени негативни влијанија, како и намалување на ризиците кон климатските промени, здравјето на човекот и биодиверзитетот. Поглавјето по својата природа е хоризонтално и има значајна улога во обликувањето и спроведувањето на политиките за енергетика и транспорт. Тоа ги опфаќа следните области: хоризонтално законодавство, квалитет на воздух, управување со отпад, квалитет на водата, заштита на природата, контрола на индустриско загадување, бучава, шумарство, хемикалии, климатски промени и цивилна заштита.

Емилија Тодоровска нагласи дека Стопанската комора на Македонија, како една од најстарите и најголеми бизнис асоцијации во републиката, сопствената функција и задача преку реализација на коморските услуги, секогаш ја насочува кон и само кон компаниите, кои се нејзина основна клетка. Таа беше првата институција која ја осозна потребата од афирмација и излез на компаниите на меѓународно ниво и пазар, а во основа на истата ја подржа иницијативата да биде посредник и носител во и на едукативните активности, кои ја имаа за цел имплементацијата на (ISO) меѓународните менаџмент стандарди.

„Станува збор за стандарди кои овозможуваат воспоставување на системи за управување ( илити менаџмент системи) како алатки за подобри процесни перформанси, кои пак во голема мера ќе придонесат во изградбата на цврста, јасна и конкретна определба за континуирано унапредување во работата, што е секако основна стратешка цел на секоја компанија. Небитно е дали станува збор за ISO 9001 стандард со кој се организира систематично процесно прикажување на активностите во компанијата, ISO 14001 стандард кој укажува на тоа дека сопствените активности и излезите од истите се контролираат во настојувањето да немаат никакво негативно влијание врз животната средина, ISO 45001 стандард кој потврдува дека човечкиот ресурс, односно вработените, се најголемиот капитал на компаниите и дека на истите се внимава и им се овозможува да работат во здрава и безбедна работна средина, или пак ISO 22000 стандард кој ја потврдува безбедноста на храната.

Би се задржала на стандардот ISO 14001, кој го дефинира Системот за управување со животна средина. Истиот е создаден со цел да се минимизира влијанието на компаниите/организациите врз животната средина, односно медиумите воздух, вода и земја и е компатибилен со законските процедури и регулативите на ЕУ. Регулативата на ЕУ во однос на животната средина е транспонирана во нашиот национален закон за животна средина, донесен 2005 год., со голем број на измени низ годините, а најновата е од 2022 год“, рече Тодоровска.

Целта на истиот е да обезбеди систематска рамка/пристап за заштита на животната средина, како и одговор на променетите услови во организацијата, во однос на општествено-економските потреби. Тоа се постигнува со специфични барања со кои се овозможува да ги унапреди перформансите на животната средина преку:

- развој и примена на политика и цели за животна средина;
- идентификација на аспектите кои произлегуваат од нејзините активности/процеси, производи/услуги, кои можат да предизвикаат значајни влијанија врз животната средина;
- воспоставување на системски процеси кои го третираат нејзиниот контекст и ги зимаат во обзир нејзините значајни аспекти vs животната средина, ризиците во врска со законите и можностите, како и нејзините обврски за усогласеност;
- зголемена свест за односот со животната средина;
- воспоставување контрола на операциите за да управува со значајните аспекти на животната средина и обврските за усогласеност;
- вреднување на перформансите врз животната средина и превземање мерки за подобрување по потреба

Процесниот пристап на управување со животна средина може да му обезбеди на раководството информации кои ќе помогнат во долгорочно остварување на успехот и создавање на можности кои ќе овозможат одржлив развој преку :

- заштита на животната средина по пат на превенирање или намалување на негативносто влијание врз животна средина;
- ублажување на потенцијалното негативно влијание на условите во животната средина врз организацијата;
- помош во исполнувањето на обврските за усогласеност;
- унапредување на перформансите врз животната средина;
- управување или влијание на начин на кој производите/услугите на организацијата се развиваат, произведуваат/обезбедуваат, дистрибуираат/доставуваат, користат и одлагаат, од аспект на животниот циклус со кој може да се спречи оптеретувањето на/врз животната средина од невнимателното префрлање на истите на друго место во рамките на неговиот животен циклус;

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Online Бизнис средби 24.10.2023 - 30.10.2023**

# "Energy Business Meetings at OMC 2023" Деловни средби за енергетика




Стопанската комора на Северна Македонија во организација со Стопанската комора на Равена при Европската мрежа на претприемачи (ЕЕН), Ве покануваат да земете учество на деловните средби за енергетика, "Energy Business Meetings at OMC 2023", кои ќе се одржат од 24 до 26 октомври 2023 година, со физичко присуство, и од 30 октомври 2023 година, онлајн учество, во Равена, Италија.

Деловните средби за енергетика се исто така подржани од страна на Министерството за надворешни работи и меѓународна соработка на Италија и Италијанската трговска агенција, ИТА.

Настанот за деловни средби и дружење, во своето 6-то издание, се одржува во рамките на OMC 2023 - Med Energy Conference and Exhibition, светски признат како клучен настан во секторот за нафта и гас, офшор индустријата и поврзаните услуги, што ја проширува својата перспектива на целата енергетска индустрија.

Договорените билатерални средби им нудат на изложувачите и посетителите единствена можност да најдат потенцијални партнери во секторите поврзани со енергетиката, со цел да се развие деловна или технолошка соработка.

Контакт лица:

Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

Кристина Кузеска
++ 389 2 3244019
kristina@mchamber.mk



**Семинар 25.10.2023**

# Напредни Ексел функции за анализа на податоците-- Правила, логички функции, IF, AND & OR функции, LOOKUP и консолидација -

Напредните алатки на Ексел, како што се работа со правила, логички функции, IF, AND и OR функции, INDEX и MATCH функции, DATE функции, LOOKUP функции, DATABASE функции, работа со апсолутни и релативни референци, консолидација на податоците спаѓаат во најважните и најчесто користените алатки во деловното планирање, макро и микроекономската анализа и носењето на одлуки.

Во свет во кој сме постојано опкружени со податоци, бројки, трендови и статистики, неопходно е да ги разбираме и да бидеме способни да ги користиме напредните ексел функции, бидејќи тие се дел од најважните алатки за носење на деловни одлуки.

Обуката е наменета за сите оние коишти сакаат да научат како да:

- Лесно анализираат големи бази на податоци во Ексел;
- Лесно средуваат нумерички и текстуални информации во Ексел;
- Препознаваат ситуации во кои примената на напредни Ексел алатки може да помогне во процесот на одлучување;
- Да спроведуваат едноставна анализа во пракса користејќи MS Excel и на тој начин да издвојуваат дополнителни информации од собраните податоци;
- Интерпретираат различни нумерички податоци прикажани во деловните извештаи или критички да пристапат во вреднувањето на статистичките податоци пред носењето на деловни одлуки.

Содржина на обуката:

- Консолидација на податоците;
- Брзи формати за внесување на податоци во Ексел;
- Користење на логички функции;
- Користење на напредни IF функции;
- Користење на правила и напредни правила;
- Работа со сите видови на графикони и нивно форматирање.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

**Семинар 26.10.2023**

# УПРАВУВАЊЕ СО ЛОГИСТКА, ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ




Стопанската комора на Северна Македонија на 26 октомври 2023 година организира специјалистички еднодневен „он-лајн“ семинар на тема: УПРАВУВАЊЕ СО ЛОГИСТКА, ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ.

Менаџерот за логистика е задолжен за организирање на процесите за управување и извршување на задачи во секторот за логистика, оптимизирање на работниот процес во магацинот, рационално користење на материјалите за тековно работење, грижа за трошоците во најширока смисла (снабдувачи и надворешни изведувачи), за други логистички операции (складирање, трансплантација,..). Менаџерот за логистика ги следи царинските закони вклучувајќи ги и меѓународните договори и се грижи за работењето на претпријатието да биде во согласност со законите, ги следи и практикува процедурите поврзани со протокот на стока секогаш да бидат во согласност со законската регулативо во државата.

Придобивки од семинарот:

Со разбирање на логистичкиот процес, ќе дојде до напредување на организацијата и работењето, а намалување на троошоците.

Семинарот е наменет за сите кои на кој и да било начин се вклучени во управување и работење во сектор логистика, транспорт и магацинксо работење, како менаџери, раководители на секотри, како и останати вработени кои се вклучени во целиот процес или пак лица кои сакаат да го да го прошират своето знаење во управување со логистика, транспортот и складирањето на роба.

Контакт лица:

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk



**Семинар 27.10.2023**

# УПРАВУВАЊЕ СО ЗАМИНУВАЊА И ОТСУСТВА НА ВРАБОТЕНИТЕ(FLUCTUATION & ABSENCE MANAGEMENT)

Целта на оваа обука е да го прикаже влијанието кое високите стапки на флуктуација и апсентизам го имаат врз успешноста и одржливоста на компаниите, како и да даде знаење и насоки за ефикасно управување со истите со цел намалување на овие ефекти.

Наменет е за професионалци од областа на човечки ресурси, менаџери од сите хиерархиски нивоа во компаниите – од тим лидери до врвен менаџмент.

Теми кои ќе бидат опфатени на семинарот:

- Дефинирање на заминување (флуктуација) на вработени,
- Причини за заминување на вработени,
- Оптимална стапка на флуктуација
- Трошоци за компанијата од висока стапка на флуктуација
- Заминување на таленти
- Отсуство на работниците од работниот процес;
- Видови отсуства од работа;
- Причини за појава на апсентизам;
- Влијание и последици од апсентизам;
- Мотивација на вработени.

Придобивките на компаниите и организациите од примената:

- Да ги согледаат трошоците и влијанијата од флуктуација и апсентизам врз компаниите,
- Да развијат стратегии за намалување на стапките на заминувања и отсуства,
- Да развијат методологии за привлекување и задржување на квалитетен кадар,
- Да направат оптимизација на трошоци од флуктуацијата и апсентизмот и подобрување на ефикасноста на компанијата;
- Успешно да ги мотивираат и ангажираат вработените.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

## СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

**101**
*година*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088